# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД

# СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018 -2025

# ЗА 2021 ГОДИНА

**јануари 2022 година**

# ВОВЕД

Стратегијата за образованието на Република Македонија за 2018-2025 година претставува основа за активностите на институциите во Република Северна Македонија во полето на образованието во периодот до 2025 година. Таа тргнува од постојните состојби во образовниот систем и има за цел кон тоа постепено да ги подобри истите, во согласност со утврдените приоритети.

Документот опфаќа шест главни столба на образовниот систем: предучилишно образование; основно образование; средно образование; стручно образование и обука; високо образование и истражување; и учење и образование за возрасни. Потоа следи и седмиот столб кадешто се опфатени општи теми во образовниот систем.

Овие столбови се разгледани во Дел 5, преку преглед на состојбата и досегашните активности, идентификување на предизвиците, дефинирање на приоритетите и очекуваните исходи коишто треба да се постигнат. Дел 6 ги претставува главните начела за спроведување, мониторинг и евалуација на Стратегијата, а Дел 7 го претставува Акцискиот план.

Стратегијата за образование 2018 -2025 година е објавена на веб страната на министерството, на следниот линк:
http://mrk.mk/wp-content/uploads/2018/10/Strategija-za-obrazovanie-MAK-WEB.pdf

Во насока на обезбедување транспарентност во спроведување на политиките на Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и институциите од областа на образованието, изготвен е овој Извештај за реализирани активности од Стратегијата, во текот на 2021 година.

# 1. ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

Како главни приоритети се утврдени:

1. Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во остварувањето на предучилишното образование
2. Зголемување на опфатот на децата и подобрување на инклузивноста во предучилишното образование
3. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во предучилишните установи
4. Подобрување на законодавството, организацијата и управувањето со предучилишното воспитание и образование и зајакнување на соработката

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1**, предвидени се 4 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Ревидирање на Програмата за рано учење и развој
2. Оптимизирање на бројот на децата во групите
3. Обезбедување на неопходните физички услови (простор, игрални и игралишта, мебел, спортска опрема итн.) на установите за деца
4. Обезбедување на неопходните дидактички материјали за градинките

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 1:**

Изградени се и опремени:

- Една јавната установа за деца – детска градинка „Среќни насмевки”, во с. Босилово,
- Пет објекти во состав на јавни установи за деца:
  - во с. Прдејци, објект „Развигорче” во состав на ЈОУДГ„Детска Радост”Гевгелија;
  - во Неготино објект„Темјанушка”во состав на ЈОУДГ„Фемо Кулаков” Неготино;
  - во с. Стајковци, објект„Пеперутка” во состав на ЈОУДГ„25 Мај” Гази Баба;
  - во с.Разловци, објект „Објект број 3” во сосотав на ЈОУДГ„Весели Цветови” Делчево;
  - во Кавадарци објект„Сонце” во состав на ЈОУДГ„Рада Поцева” Кавадарци.

Во соработка со УНИЦЕФ :

Направени се образовни емисии на македонски и албански јазик насочени кон зголемување на бројот на деца во предучилишно образование. На овие емисии стручни лица зборуваат за значењето на образовната компонента во раниот детски развој.

Во 10 градинки се пилотира програма за инклузија во рамки на која направена е програма за алтернативна аугментативна комуникација. Купени се таблети и изработен е софтвер за поддршка на децата кои имаат потешкотии со говорот.

Преведени и адаптирани се 26 сликовници на македонски и албански јазик вклучувајќи и прирачник за социјален и емоционален развој кои во моментов се спроведуваат во сите градинки со деца на возраст од 5-6 години. Со поддршка на Светска банка испечатени се сликовници за сите групи во сите градинки. УНИЦЕФ направи дигитализирање на 14 сликовници кои во моментов се синхронизираат и ќе бидат емитувани на Македонската телевизија и на други национални телевизии.

Направена е платформа Едуино, која првично беше наменета само за предучилишно, но како резултат на Ковид-19, оваа платформа беше проширена да ги опфати и основно и средно образование. Во моментот на Едуино има над 400 игри за деца на возраст од 3-10 години, над 330 видео лекции за предучилишно образование, вебинари и други образовни материјали. Наскоро на Едуино ќе биде отворен и посебен дел за професионален развој каде ќе се стават онлајн обуки за воспитувачи и друг наставен кадар.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Проширување на мрежата на предучилишните установи
2. Приспособување на предучилишните установи за инклузивно образование
3. Ревидирање на постојните и развивање на нови дидактички материјали за децата со развојни потешкотии

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 2:**

Во 2021 година, се продолжи со зголемување на капацитетите на установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, се со цел да се зголеми бројот на опфатот на деца во воспитно – образовниот процес.
Во период од 01.01 до 31.12.2021 година дадени се решенија на:
1. Јавната установа за деца – детска градинка „Среќни насмевки", во с. Босилово, општина Босилово, со капацитет за 55 деца, организирани во три воспити групи.
2. Нови објекти во состав на јавни установи за деца:
- с. Прдејци, објект „Развигорче" во состав на ЈОУДГ„Детска Радост" Гевгелија, со капацитет за 20 деца, организирано во една воспитна група;
- Неготино објект „Темјанушка" во состав на ЈОУДГ„Фемо Кулаков" Неготино, со капацитет за 161 дете, организирани во 9 воспитни групи;
- с. Стајковци, објект „Пеперутка" во состав на ЈОУДГ„25 Мај" Гази Баба, со капацитет за 136 деца, организирани во 8 воспитни групи;
- с.Разловци, објект „Објект број 3" во сосотав на ЈОУДГ„Весели цветови" Делчево, со капацитет за 20 деца, организирани во 1 воспитна група.
- Кавадарци објект „Сонце" во состав на ЈОУДГ„Рада Поцева" Кавадарци, со капацитет за 140 деца, организирани во 7 воспитни групи.

3. Центар за ран детски развој „Лисец", с.Лисец во состав на ЈОУДГ„Младост" во Тетово, со капацитет за 9 деца, организирани во две воспитни групи или вкупно 18 деца.

Во текот на 2021 година капацитетот во јавните установи за деца е зголемен за 541 дете.

Во 2021 година дадени се решенија на следните приватни установи за деца:
1. Приватен центар за ран детски развој „Да Винчи Кидс" во Скопје, општина Карпош, со капацитет за 40 деца, организирани во 2 воспитни групи.
2. Приватни установи за деца – детски градинки:

- ПУДГ„Мали Чекори" во Битола, со капацитет за 52 деца, организирани во 3 воспитни групи;
- ПУДГ„Блетезат" во Тетово, со капацитет за 40 деца, организирани во 2 воспитни групи:
- ПУДГ„Малиот Принц" во Скопје, општина Карпош, со капацитет за 25 деца, организирани во 2 воспитни групи; и
- ПУДГ„Џунгла" во Скопје, општина Карпош, со капацитет за 42 деца, организирани во 2 воспитни групи.

Во текот на 2021 година капацитетот во приватните установи за деца е зголемен за 199 деца.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Подобрување на компетенциите на кандидатите за воспитувачи и негуватели
2. Воведување и разработување на систем за професионален развој и напредување во кариерата за воспитувачите во предучилишните установи и останатите вработени
3. Ревидирање на системот за издавање на лиценци на негувателите, воспитувачите, стручните работици, стручните соработници и раководните лица во предучилишните установи

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 3:**

Преку ИПА проектот „Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа" Проектниот тим со поддршка од работната група и практичарите од детските градинки, ги дефинираа стандардите на квалификации и компетенции за директори, негователи, стручни работници и стручни соработници вработени во градинки и се изработи методологија, процедури и инструменти за управување со професионалниот развој, како и механизми за обезбедување одржлива финансиска поддршка за професионален развој на вработените во дејноста за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст . Развиен е и концепт на процедури и постапки за акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионален развој на сите стручни профили вработени во детските градинки. Изработено е Упатство за начинот и формите на обезбедување менторство на приправници во детски градинки и спроведени се онлајн работилници со 880 практичари од различни стручни профили за организирање на менторската шема и изработка на индивидуализирана менторска програма. Дизајниран е модел за кариерен развој, базиран на дефинирани

стандарди, за секој профил од стручните лица (воспитувачи, негователи, стручни работници и стручни соработници) и организирани се 6 информативни онлајн сесии со 180 практичари за претставување на новиот систем за унапредување. Развиена е соодветна методологија, процедури и инструменти за реализација на кариерниот развој на вработените во детски градинки  и финансиско сценарио кое ќе го овозможи  финансирањето според нивоата на напредување на сите стручни профили. Започнато е со обезбедување техничка поддршка за сите чинители со цел успешно спроведување на процесот за професионален и кариерен развој во сектор за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст.

Организирани се фокус групи со директори, вработен и невработен предучилиштен кадар за анализа на состојбата и мапирање на најсоодветните модели на (ре-)лиценцирање на стручните лица, а врз основа на електронскиот прашалник, во анализата се вклучени и членовите на Комисијата за Лиценцирање и ( ре-)лиценцирање на вработените во дејноста за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст. Организирани се и 6 онлајн работилници со 183 практичари од различни стручни профили за анализа на тековниот модел на (ре-) лиценцирање и мапирање на процесите важни за новиот модел.

Во тек е подготовка на законска рамка за регулирање на професионалниот и кариерниот развој на вработените во детски градинки  и подготовка на тендерска документација за ангажирање ИТ компанија којшто од технички аспект ќе овозможи надополнување на базата на податоци за предучилишно образование заради олеснување на процесот на релиценцирање и евидентирање на професионален и кариерен развој, како и изработка на онлајн каталог на акредитирани програми и даватели на обуки и услуги за стручните лица. Во тек е изработка на Стратегија за комуникација и видливост за промовирање на новиот систем за професионален и кариерен развој на вработените во детските градинки .

Во соработка со УНИЦЕФ во извештајниот период

- Изработени се компетенции за воспитувачи како поддршка на процесот на професионален и кариерен развој
- Направена е мрежа од 190 воспитувачи за колегијална поддршка кои ги обучија другите воспитувачи во период од 4 месеци за да им помогнат да ги зголемат своите вештини за социјален и емоционален развој и истото да го пренесат на децата во градинките
- Во моментов течат обуки за воспоставување на професионални заедници за учење, со кои ќе се овозможи континуиран професионален развој на воспитувачите.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година:

1. Унапредување на улогите и надлежностите на надлежните министерства во управувањето со предучилишното образование. Подобрување на системот за педагошка документација и евиденција кои се водат во институциите за децата
2. Воспоставување механизам за вистинско вклучување на семејството и заедницата во планирањето и спроведувањето на воспитно-образовната работа и управувањето со предучилишните установи

3. Зајакнување на соработката и градење партнерство со родителите преку предучилишниот образовен систем

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 4:**

Преку ИПА проектот „Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа“ Се започна и со организирање на фокус групи со директори, членови на Управните одбори на детските градинки, како и со членови на Родителските совети за анализа на функционалноста на вклученоста на семејствата во работата и носењето одлуки во детските градинки. За мислење и коментари за овие теми ќе бидат прашани и различни претставници на локалните заедници, од општински институции кои работат со деца и семејства (институции за социјална заштита, здравствени институции, локални невладини организации итн. Во тек се подготвителни активности за интервјуа/фокус групи на истите теми со родители на деца запишани во детски градинки, особено родители на деца во ризик. Се работи и на дизајнирање програма за родители, со цел вклучување на семејствата како соработници во планирањето на активностите, со што ќе се обезбеди околина која ќе го стимулира раното учење и развој на децата во рамките на семејството, со посебен акцент на децата со посебни образовни потреби и децата од социјално исклучени групи.

Во тек е изработка на тендерска документација за ангажирање на компанија за комуникација и видео продукција што ќе овозможи промовирање на важноста на соработката на детските градинки со родителите и подигање на јавната свест за важноста на раното учење и развој.

Од декември во соработка со УНИЦЕФ започнаа да се реализираат активности за играње и споделување во 15 градинки на кои се поканувaат родителите да видат што се работи со децата во градинката и да им се пренесе значењето за социјалниот и емоционалниот развој.

## 2. ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ)

Како главни приоритети се утврдени:

1. Подобрување на содржината на основното образование
2. Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и интеретничката интеграција во основното образование
3. Подобрување на условите за учење и квалитетот во остварувањето на основното образование
4. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта
5. Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното образование

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1**, предвидени се 4 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но истите се реализираа или продолжија да се реализираат и во 2021 година:

4. Развивање и воведување на Национален стандард за секој циклус од основното образование со јасно определени резултати од учење и со посебно внимание на инклузивноста, почитувањето на различностите (во смисла на полот/родот, етничката припадност, верата, јазикот, културата, социјалниот статус, интелектуалните и физичките способности), правата на децата и демократската култура
5. Ревидирање на наставните планови и програми во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување во сите училишта
6. Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и воннаставните активности според слободниот избор на учениците
7. Ревидирање на учебниците такашто ќе одразуваат родова еднаквост, почитување на различностите, мултикултурните и демократските вредности

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 1:**

Врз основа на клучните компетенции за доживотно учење од Европската референтна рамка, како и врз основа на рамките на одделните компетенции развиени од Европската комисија (за странски јазици, за дигитални компетенции, за претприемништво), а особено имајќи го предвид нашиот образовен систем и знаењата, вештините и ставовите што треба да ги стекнат учниицните во основното образование во нашиот општествен контекст, определени се осум подрачја на националните стандарди во основното образование во нашата земја. Во нив се вклучени трансверзални компетенции и/или компетенции поврзани со определени предметни подрачја: I. Јазична писменост II. Користење други јазици III. Математика и природни науки IV. Дигитална писменост V. Личен и социјален развој VI. Општество и демократска култура VII. Техника, технологија и претпримништво VIII. Уметничко изразување и култура. Секое наведено подрачје започнува со кус опис на компетенциите карактеристични за подрачјето, а потоа се дадени стандардите во форма на знаења и вештини (што ученикот знае и/или умее) и ставови/вредности (што ученикот разбира и прифаќа). На крајот на секое подрачје се дадени куси насоки низ кои предметни подрачја и наставни предмети првенствено ќе се стекнуваат компетенциите од тоа подрачја.

**Националните стандарди за учениците во основното образование** се донесени со Решение на министерката бр.08-4176/2 од 5.3.2021 г.

Дополнително донесени се Стандарди за интеркултурно образование за секој период од основното образование (со решение на министерката за образование и наука бр.12 – 11647/2 од 6.8.2021 г.) Со стандардите за интеркултурно образование издвоени се клучните интеркултурни компетенции што потоа се развиени за секој образовен циклус во основното образование (крај на трето, шесто и деветто одделение). Во стандардите се наведени основните седум поими кои целосно ја покриваат областа на мултикултурализмот и интеркултурната интеграција. Тоа се: Културен идентитет; Мултикултура; Интеркултура; Социјална правда и еднаквост; Стереотипи и предрасуди; Мир и мирно разрешување конфликти и Глобализација.

На 9.4.2021 донесени се **нови наставни програми за прво одделение**, а на 10.5.2021 донесени се **нови наставни програми за четврто одделение** изработени од работни групи формирани од Бирото, а составени од советници, наставници од основните училишта и универзитетски професори. Новите наставни програми за прво и четврто одделение се изработија врз основа на Националните стандарди и се базирани на компетенции коишто учениците почнуваат да ги стекнуваат од прво одделение, а продолжуваат да ги развиваат во наредните одделенија, пред сѐ компетенциите кои произлегуваат од подрачјето со кое наставниот предмет има директна врска, но и трансверзалните компетенции преку кои се остварува и интеграцијата и се овозможува целосен развој на учениците. Во текот на целиот процес на изработка на програмите, работните групи се консултираа и со експерти од области на коишто се темели новата Концепција: родовата еднаквост, инклузивноста и мултикултурализмот, како и за заштитата на животната средина, почитување и заштита на правата и слично. Наставните програми за прво и четврто одделение започнаа да се применуваат од учебната 2021/2022 година.

Изготвени се и наставни програми за второ и петто одделение, кои ќе се применуваат од учебната 2022/2023 година.

Согласно Концепцијата за основно образование донесена од страна на министерката за образование и наука со решение бр. 08-3980/1 од 3.03.2021 изработен е **Водич за слободни изборни предмети во основното образование**. Во Водичот се дадени водечките принципи на слободните изборни предмети, начинот на определување на слободните изборни предмети во училиштето, изработката на наставните програми за изборните предмети, изборот и организацијата на слободните изборни предмети, планирањето и реализацијата на наставата, како и начинот на следење и оценување на постигањата на учениците. Во прилог на Водичот се дадени: модел на прашалник за пројавување првичен интерес на учениците за избор на слободни изборни предмети, образец за подготовка на наставната програма и образец за планирање на часовите за реализација на слободните изборни предмети.

Согласно новите наставни програми за прво и четврто одделение изработени се нови наставни материјали за учење. Содржината на материјалите е разбирлива за учениците, а целта е преку активности и игри да се воведуваат во наставната материја и да ги разберат аспектите на родова еднаквост, интеркултурализмот, инклузијата, заштитата на животната средина, почитувањето, правата и слично. Истовремено овие наставни материјали овозможуваат поинаков пристап во наставата, им овозможуваат на учениците учење со разбирање кое помага во развој на критичкото размислување и креативноста и ги зголемува компетенциите на знаењата, способностите, вештините и ставовите. Наставните материјали за прво одделенние се отпечатени и доставени до сите училишта, а наставните материјали за четврто одделение се изготвени во дигитална, интерактивна форма (со интерактивни слики, видеа, квизови, игри и анимации). Преку нив учениците поразбирливо и позабавно ќе ги надополнат своите сознанија. Дигиталните, интерактивни содржини се објавени на посебно креирана веб страна www.e-biblioteka.gov.mk и истите се развиени и за поддршка од сите мобилни апликации.

Изработен е нов предлог Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали, објавен на ЕНЕР на 9.3.2021 (за кој во тек е консултативен процес) во кој се уредува следното: „Во учебник, наставен и друг дидактички материјал се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното и средното образование", Во ставот 5 пак е уредено дека „со учебниците и другите наставни и дидактички материјали се промовира еднаквоста, почитувањето на човековите права, различноста, мултикултурализмот, демократијата, граѓанското учество и критичкото размислување" а во став 7 е уредено дека се забранува и секој облик на дискриминација во: содржината на учебниците и другиот наставен и дидактички материјал, пристапот до учебниците и другиот наставен и дидактички материјал, постапката за одобрување, ревизија и повлекување од употреба на учебниците и изборот на авторите, издавачите и членовите на комисиите предвидени со овој закон

Исто така предлог законот предвидува во комисиите за разгледување и предлагање за употреба на учебниците, наставните и дидактичките материјали да има член кој го номинира Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, кој треба да има најмалку десет години искуство од областа на недискриминацијата, човекови права, родовата еднаквост и мултикултурализмот.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2**, предвидени се 6 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но сепак нивната реализација продолжи и во 2021 година:

1. Приспособување на зградите на основните училишта за ученици со физичка попреченост
2. Подобрување на условите и капацитетите на училиштата за инклузивно образование за децата со посебни образовни потреби
3. Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштата за цели на инклузија
4. Воведување механизам за финансиска и друг вид поддршка на училиштата со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција
5. Воспоставување одржлив модел за продолжување (завршување) на основното образование од страна на децата во воспитно-поправните домови
6. Воведување на одржлив модел за идентификација на училишни обврзници кои се надвор од училиштата во основното образование и нивно следење до завршување на задолжителното образование

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 2:**

За прв пат развиен е е-систем за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реконструкција на училишни објекти на основни и средни училишта во надлежност на Општините и на Градот Скопје со средства од Буџетот на МОН. Како еден од критериумите за избор на училиште е пристапноста за учениците со попреченост.

Продолжија активностите во рамки на двете програми за инклузивност финансирани од Канцеларијата на ЕУ во Скопје: реконструкција во насока на обезбедување на пристапност на 14 образовни објекти (дополнително додадени сè уште пет образовни објекти кои ќе се финансираат од МОН – буџетско кофинансирање, во 2022 гоина и за кои во тек е изработка на проекти за адаптација за пристапност) и  програмата „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, за инклузија на деца со попреченост во редовното основно образование. Во рамки на втората програма спроведен е јавен повик за набавка на опрема за сензорна соба, едукативни и дидактички материјали и рехабилитациско-рекреативна опрема, асистивна технологија, интерактивна табла и маса таблет, опрема за детско инклузивно игралиште и рехабилитациска опрема за надворешни игралишта.

Во 2021 година, завршена е постапката за трансформација на посебните училишта во основни училишта со ресурсен центар. Основните училишта со ресурсни центри добија 2,5 милиони денари за набавка на опрема и дидактички средства во функција на поддршка на инклузивното образование. Во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ во втората половина на месец мај се реализираа обуки на кадарот во посебните училишта, односно тренинг за тренери за образовни асистенти, кои понатаму ја спроведоа обуката на образовните асистенти, и на наставниците во чии паралелки ќе бидат вклучени овие ученици. Обучени се 36 мастер тренери.

Со средства од Буџетот на МОН ангажирани се 500 образовни асистенти за работа со ученици со попреченост во основните училишта, за учебната 2021/2022 година.  Вработени се 49 нови специјални едукатори и рехабилитатори во основните редовни училишта и училиштата со ресурсни центри во насока на поддршка на учениците со попреченост и на наставниот кадар.

Владата на 119-та седница, одржана на 16.11.2021 ги усвои измените на Законот за основно образование, Законот за заштита на деца и Законот за социјална заштита кои се усогласуваат со  измените на Законите за здравствено осигурување и здравствена заштита со кои се уредуваат прегледите за функционална проценка на деца и младинци со попреченост до 26 години да ја врши надлежна здравствена установа, и влегуваат во задолжителното здравствено осигурување. Телото за проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете и младинец, базирана на Меѓународната класификација на функционирањето (МКФ), се формализираше во Служба за функционална проценка на деца и млади во рамките на ЈЗУ - Здравствен дом Скопје.

Владата на 130-та седница одржана на 28.12.2021 г. усвои Информација за воведување на нова методологија за распределба на блок дотации по општини за финансирање на основното и средното образование во 2022 година и го задолжи МОН да преземе активности за донесување на уредбите за утврдување на критериуми за расределба на блок дотации за основно образование и за средно образование по општини за 2022 година, согласно новата

методологија (формула) за финансирање што во основа се базира на трошоци по стандард и оптимизација на мрежата на училишни објекти, според моделот за воведување на новите формули за блок дотации за основно и средно образование 2022-2026 година.

На 29.1.2021 г. МОН ги објави резултатите од Јавниот повик за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикулурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција во основните и средните училишта за учебната 2020/2021 година. Доделени се грантови на 70 основни и 24 средни училишта, кои се спроведуваа согласно Упатството со примери за вонпаставни активности кои можат да се реализираат on-line.

На 1.11.2021 г. МОН го објави Јавниот повик за доделување грантови на основни и средни училишта за унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата за учебната 2021/2022 г. со рок на аплицирање до 3.12.2021 г. За прв пат јавниот повик е поставен на MC Forms, со можност училиштата да аплицираат најавени со официјалните кориснички сметки на @schools.mk.

Во 2021 г. започна процесот на усогласување на донесените програми за образование на возрасни со националните стандарди за основно образование, по што ќе следи верификација на училиштето кое ќе обезбедува настава и обезбедување на согласности за наставен кадар согласно Правилникот за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи како и во домашни услови, донесен во 2020 г.

Во текот на месец јануари, за време на зимскот распуст, училиштата ги користеа ново донесените инструменти за проверка на знаењата на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница, во насока на нивно вклучување во наставата во второто полугодие од учебната 2020/2021 година. Во наставата започнаа да се применуваат прилагодените наставни програми, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница.

МОН со спроведе јавниот повик за ангажирање на 35 ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Роми за учебната 2021/2022 година

Продолжија активностите за имплементација на Проектот „Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование", кој се спроведува од ФООМ, во соработка со МОН, а се финанисра со средства од ЕУ.

Во вториот квартал започна нова фаза од проектот „*Инклузија на деца надвор од наставата на образованиот систем*", реализиран од страна на Фондацијата Pestalozzi во соработка со Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Бирото за образование и Министерството за труд и социјална политика.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3**, предвидени се 6 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но сепак нивната реализација продолжи и во 2021 година:

1. Оптимизирање на бројот на ученици кога се формираат нови паралелки во I одделение
2. Зголемување на бројот на училишта со модерни услови за остварување на образовниот процес, воведена ИБ Програма, како и безбедна училишна средина (пр. училишна кујна, спортска сала, спортско игралиште, тоалети итн.)
3. Воспоставување систем за професионална ориентација во сите училишта преку стручните служби
4. Зајакнување на функционирањето на ученичките тела на ниво на училиште
5. Осовременување на системот за обезбедување контрола на квалитетот
6. Обезбедување учество на Република Македонија во меѓународните студии ТИМСС и ПИСА

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 3:**

Издадени се согласности за новофинансирање на наставен кадар за прво одделение за намалување на учениците во паралелка од 20 до максимум 30 ученици, со што од учебната 2021/2022 година исполнета е законската обврска за учениците од прво, второ и третто одделение (сукцесивно воведување од учебната 2019/2020 година).

Во 2021 година завршена е изградба/доградба на четири нови училишни објекти: ОУ во Љубош, село Батинци, Општина Студеничани, нов училишен објект на ООУ „Наим Фрашери" КО Мала Речица, Тетово, доградба и надградба на ОУ Лирија, с.Горно Јаболчиште, о. Чашка и изградба на нов училишен објект за ОУ Димитар Македонски, населба Лисиче, о. Аеродром, а започната е изградба/доградба на седум основни училишта: Изградба на крило за ОУ „Тихомир Милошевски" с. Волково (новоселски пат), о.Ѓорче Петров, изградба на крило за ОУ „Димитар Поп Беровски" нас Хром, о.Ѓорче Петров, Изградба на училишен објект на ОУ Луис Ѓуракуќи, подрачно училиште Лешница, Општина Желино, Изградба на нов училишен објект ПУ во с.Долно Блаце, Општина Чучер Сандево, Изградба на нов училишен објект во нас. Визбегово, Општина Бутел, Изградба на нов училишен објект ПУ во с. Согле, Чашка и Доградба и надградба на училишен објект с. Долно Јаболчиште, Општина Чашка.

Завршена е реконструкција на 19 основни училишта, а започната е реконструкција на 31 основно училиште.

Завршени се со изградба седум училишни спортските сали во ОУ Никола Вапцаров, Струмица, во ОУ Фаик Коница, Грешница, Кичево, во ОУ Милто Гура, с.Стрелци, Кичево, во ОУ Фаик Коница с.Дебреше, о.Гостивар, во ОУ Методи Митевски Брицо, Лозово, во ОУ Страшо Пинџур, Кавадарци и во ОУ Ашим Агуши, Радолишта, Струга, а во фаза на изградба се шест училишни спортски сали во основни училишта ОУ Кире Гаврилоски Јане, Прилеп, ОУ Гоце Делчев, Ресен, ОУ Екрем Чабеј с.Слатино, Теарце, ООУ„Маршал Тито", с.Муртино, Струмица, ОУ Андреа Савески Кикиш, Тетово и ОУ Наим Фрашери, с.Моране, Студеничани.

Спроведена е набавка на опрема и наставно-нагледни средства за кабинетите по природни науки во основните училишта, набавка на мебел за кабинети за основните училишта (плакари, маси и елементи за кабинети за природни науки и лабораториски столчиња), набавка на училишни интерактивни табли и набавка на 10.000 таблет компјутери.

Програмата за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение е донесена во месец октомври 2020 г. (бр. 12-11595/1 од 20.10.2020г.) . Во планот за јавни набавки на МОН планирана е набавка на инструменти за професионална ориентација на учениците, но истата не е спроведена во текот на 2021 година.

Системот за ученичко организирање е воспоставен во 2020 година, согласно Законот за основно образование (заедница на паралелка, ученички парламент и ученички правобранител). Од страна на Бирото за развој на образованието изработен е Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта. Во текот на 2021 г. во основните училишта функционираа погоренаведените форми на ученичко организирање. На седниците на училишниот одбор, се поканувaат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент. Претседателот на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител се дел од тимот за училишна интеграција.

Во месец јуни 2021 г. се спроведе пробното државно тестирање (за ученици од третто одделение), по што од страна на Државниот испитен центар, беше изготвен извештај со детална анализа на резултатите и препораки за понатамошни активности и мерки. Во рамки на Проектот за унапредување на основното образование, финансиран со заем од Светска банка, спроведени се две постапки за ангажирање на консултанти кои ќе работата на системот на унапредување на квалитетот во основното образование (консултант/и за спроведување на државното тестирање во 2022 г. и консултант/и за унапредување на капацитетите на училиштата и образовните институции за самоевалуација и интегрална евалуација).

Врз основа на објавените резултати од ТИМС во декември 2020г. Државниот испитен центар во 2021 г. изготви детален национален извештај со препораки за планирање на активности во наредниот период во насока на подобрување на резултатите.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но сепак нивната реализација продолжи и во 2021 година:

1. Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник, ментор/стручен соработник-советник)
2. Зајакнување на стручните служби во училиштата со сите неопходни профили и ревидирање на нивните работни обврски согласно професионалните компетенции

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 4:**

Во 2021 за прв пат е спроведена постапка за напредување во кариера за наставниците во основно образование (наставник ментор). Во месец јуни донесено е Решението за избор на ментори наставници и истото е доставено до избраните наставници и директорите на наставниците. На првиот јавен оглас, во звање ментор се унапредени 141 наставник од основните училишта.

На 26.5.2021 објавен е повторен повик за пријавување на наставници од основните училишта за напредување во звање „ментор“, по кој постапката е се уште во тек.

Во учебната 2021/2022 година стручните служби во училиштата се зајакнати со 70 нови вработувања (9 педагози, 4 психолози, 49 специјални едукатори и рехабилитатори, 2 социолози и 6 библиотекари). Правилникот за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник од основните и средните училишта е донесен во месец март 2020 г.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 5**, предвидена е 1 мерка која треба да се реализира во периодот 2020-2025 година:

1. Воведување механизам за пилотирање и вреднување на иновациите во основното образование и определување средства за поддршка на механизмот

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 5:**

Во рамки на Проектот за унапредување на основното образование, финансиран со заем од Светска банка, креиран е механизам за доделување на грантови на училиштата за унапредување на работењето, врз основа на резултатите од самоевалуацијата. Грантовите ќе започнат да се доделуваат од 2022 година.

## 3.ОПШТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (гимназии, уметнички училишта и училишта за ученици со посебни образовни потреби)

Како главни приоритети се утврдени:
1. Подобрување на содржината на средното образование
2. Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во средното образование
3. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во средните училишта
4. Подобрување на условите за учење и на квалитетот на образованието

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Изработување и воведување на Национален стандард за средното образование
2. Ревидирање на наставните планови и програми во согласност со Националниот стандард

3. Ревидирање на учебниците според Националниот стандард и наставните програми

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 1:**

Формирана е работна група составена со претставници од институциите која изработи предлог текст на нов Закон за средно образование, во кој е уреден и основ за изработка и донесување на Национални станарди за средното образование, по приниципот на националните стандарди во основно образование. Предлог законот за средно образование се очекува да се донесе во 2022 г. по што ќе бидат изработени националните стандарди, и врз основа на истите ќе бидат ревидирани или донесени нови наставни програми и учебници и наставни материјали.
Во четвртиот квартал од 2021 г. формирана е работна група составена од претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, Младински образовен форум, експерт од образование и наставници, кои изработија предлог стандарди за интеркултурно образование во средно образование.  Активностите за изработка на содржината на документот беа реализирани во рамките на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, имплементиран од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), во соработка со МОН, БРО и ЦСОО.

Со стандардите за интеркултурно образование издвоени се клучните интеркултурни компетенции што треба да се стекнат во средното образование. Во стандардите се наведени основните седум поими кои целосно ја покриваат областа на мултикултурализмот и интеркултурната интеграција. Тоа се: Културен идентитет; Мултикултура; Интеркултура; Социјална правда и еднаквост; Стереотипи и предрасуди; Мир и мирно разрешување конфликти и Глобализација.

Стандардите се донесени со Решение на министерката за образование и наука бр.13-459/2 од 13.1.2022 г.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2**, предвидени се 4 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но сепак нивната реализација продолжи и во 2021 година:

1. Подобрување на условите на средните училишта за еднаков пристап на сите ученици
2. Воспоставување механизам за вклучување на учениците со посебни образовни потреби во редовното средно образование
3. Воведување механизам за финансиска и друг вид поддршка на училиштата со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција
4. Воспоставување одржлив модел за продолжување (завршување) на средното образование од страна на учениците во воспитно-поправните домови

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 2:**

За прв пат развиен е е-систем за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реконструкција на училишни објекти на основни и средни училишта во

надлежност на Општините и на Градот Скопје со средства од Буџетот на МОН. Како еден од критериумите за избор на училиште е пристапноста за учениците со попреченост.

Завршена е реконструкција на 3 училишта: СОУ Гостивар, Гостивар, СОУ Панче Арсовски, Гази Баба, Скопје и СОУ„Кочо Рацин" – Земјоделско училиште и ученички дом, а во тек е реконструкција на 11 училишта СОУ Мирче Ацев Прилеп, СОЕУ „Јане Сандански" Битола, ССОУ „Јовче Тесличков" Велес, ДСУ Искра Штип, „Ванчо Питошески" , Охрид, СОУ Киро Спанџов Брко, Кавадарци, СОУ Таки Даскало, Битола, СОУ Перо Наков, Куманово, СОУ Орде Чопела, Прилеп, СОУ Ѓорче Петров, Прилеп, „Киро Бурназ", и с.Долно Коњаре, Куманово

Продолжија активностите во рамки на програмата финансирана од Канцеларијата на ЕУ во Скопје за реконструкција во насока на обезбедување на пристапност на 14 образовни објекти (дополнително додадени сè уште пет образовни објекти кои ќе се финансираат од МОН – буџетско кофинансирање, во 2022 гоина и за кои во тек е изработка на проекти за адаптација за пристапност).

Формиран е работна група составена со претставници од институциите која изработи предлог текст на нов Закон за средно образование, во кој е уреден и основ за изработка и донесување на Национални станарди за средното образование, по приниципот на националните стандарди во основно образование.

На 29.1.2021 г. МОН ги објави резултатите од Јавниот повик за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикулурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција во основните и средните училишта за учебната 2020/2021 година. Доделени се грантови на 70 основни и 24 средни училишта, кои се спроведуваа согласно Упатството со примери за воннаставни активности кои можат да се реализираат on-line.

На 1.11.2021 г. МОН го објави Јавниот повик за доделување грантови на основни и средни училишта за унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата за учебната 2021/2022 г. со рок на аплицирање до 3.12.2021 г. За прв пат јавниот повик е поставен на MC Forms, со можност училиштата да аплицираат најавени со официјалните кориснички сметки на @schools.mk.

Донесено е за прв пат Упатство за организирање на заеднички наставни часови (од страна на директорот на Бирото за развој на образованието со бр.02-1437/1 од 20.9.2021 г. и директорот на Центарот за стручно образование и обука со бр, 09-535/1 од 20.9.2021 г.). Упатството пред сè е изготвено со цел поттикнување на училиштата да реализираат заеднички часови и полесно планирање, организирање и спроведување, следење, поддршка и процена на заедничките часови со ученици коишто следат настава на различен јазик, но и да ги зајакне процесите на комуникација и меѓусебна соработка на сите вклучени страни во образовниот систем во насока на создавање клима за реализирање заеднички часови и е наменето за сите чинители во процесот на реализирање заеднички наставни часови. Упатството содржи насоки за плланирање на заедничките часови, активности (форми, методи и техники) што се планираат и се користат во организирањето и реализирањето на наставата за развивање интеркултурна

компетентност кај учениците, начини на организирање и структурирање на заеднички наставен час, реализирање заеднички часови на далечина (on-line), вреднување на учениците според развиеноста на интеркултурните компетенции.. Прилог на Упатството се урнек на Извештај за следење на заедничкиот час, Улогата и задачите на општината во поддршката на училиштата да организираат заеднички наставни часови и Видови активности за согледување од повеќе перспективи.

Во 2021 година повторно е зголемен бројот на доделени стипендии за средношколци Роми (800 стипендии во 2019, 900 во 2020 и 917 во 2021). Осипот на ученици корисници на стипендии е помал од 1% .

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Операционализирање на воспоставениот систем за професионален развој и напредување во кариерата за наставниците
2. Ревидирање на системот за издавање на лиценци на директорите на средните училишта
3. Целосно екипирање на стручните служби со сите неопходни кадри, во согласност со потребите на училиштата (застапените наставни јазици и бројот на учениците)

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 3:**

Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2021 година е донесена и објавена во Службен весник бр.63 од 19.3.2021 г. Со програмата се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките.

Во месец мај БРО спроведе постапка за акредитација на програма за обука и понудувачи на професионално усовршување на наставници во средните училишта на тема „Современи концепти на средното образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење”. Со обуките беа опфатени околу 7000 наставници од средните училишта.

На 66-та седница одржана на 20.4.2021 Владата го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за БРО, со кој се уредува дека БРО подготвува Каталог на акредитирани програми и понудувачи за обука за стручно усовршување на наставници и стручни соработници и го следи спроведувањето на акредитираните програми за обуки и на акредитираните установи, институции и други правни лица, во однос на квалитетот на спроведувањето на програмите за обука. Во Законот е уредена и постапката за акредитација на понудувачи и програми и критериумите кои треба да се исполнат за да бидат акредитирани. Наставниците и стручните соработници избираат обуки од Каталогот преку основното, односно средното училиште во кое се вработени, во согласност со нивниот план за професионален развој. Законот во собраниска процедура на донесување.

Од страна на ДИЦ се работи на измени и дополнувања на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански

универзитет за доживотно учење. Во процедура на донесување е Програмата за напредни обуки на директор и измени и дополнувања на Програмата за основни обуки и испит на директори (внесен е модул за инклузивно образование) изготвени од страна на ДИЦ.

За учебната 2021/2022 година ангажирани се 4 нови кадри во средните училишта (2 психолози, 1 педагог и 1 библиотекар). Правилникот за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник од основните и средните училишта е донесен во месец март 2020 г.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4**, предвидени се 6 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Оптимизирање на организацијата на работата на училиштата и организирањето на часовите
2. Зајакнување на функционирањето на ученичките тела на ниво на училиште
3. Осовременување на системот за обезбедување контрола на квалитетот
4. Обезбедување учество на Република Македонија во меѓународната студија ПИСА
5. Основање на Центар за талентирани ученици
6. Воведување механизам за пилотирање и вреднување на иновациите во средното образование и определување средства за поддршка намеханизмот

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 4:**

Во предлог текстот на новиот Закон за средно образование, уреден е и максималниот број ученици по паралелка, зајакнување на учеството на ученичките тела во училиштата, осовременување на системот за обезбедување на квалитет (самоевалуција, интегрална евалуација, национално тестирање и меѓународни тестирања), како и унапредување на механизмите за поддршка на талентирани ученици (финансиска поддршка за учество на олимпијади и меѓународни натпревари). Се очекува законот да биде донесен во 2022 година.

Во месец септември 2021 се спроведе пилот тестирањето за ПИСА 2022 со 885 ученици на 15 годишна возраст од 13 средни училишта. Пробното тестирање е спроведено електронски, преку новонабавената опрема за Државниот испитен центар.

## 4.СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Столб 4 од Стратегијата е посветен на стручното образование и обука

Како главни приоритети се утврдени:

1. Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот
2. Подобрување на средината за учење и квалитетот на стручното образование и обука
3. Зголемување на опфатот во стручното образование и обука
4. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Воведување на флексибилен и ефикасен механизам за изготвување на Стандарди на занимања и Стандарди за квалификации засновани на резултати од учење, кои ги исполнуваат потребите на пазарот на трудот
2. Изготвување модуларни наставни програми во согласност со новите Стандарди за квалификации засновани на резултатите од учење
3. Воспоставување механизам за утврдување на потребите за квалификации и вештини

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 1:**

Во 2021 година Одборот за НРК донесе 17 стандарди на квалификации засновани на резултати од учење, кои ги исполнуваат потребите на пазарот на трудот.

Наставните програми во средно стручно образование се модуларни, во согласност со новите стандарди за квалификации, со изразени резултати од учење. Изработени се и наставните програми за дуално стручно образование

Во првиот квартал од годината под слоганот „Учи паметно, работи стручно“ беа организирани средби со компаниите за отворање на барани профили во стручните училишта. Имено, преку социјален дијалог со компаниите и бизнис заедницата на локално ниво, МОН заедно со општините работеше на утврдување кои профили ќе бидат отворени во средните стручни училишта во учебната 2021/2022 година. Средбите беа организирани во соработка со Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија, проектот „Образование за вработување” (E4E@mk) и општините. Конкурсот за упис на ученици за учебната 2021/2022 година (целосно усогласен согласно потребите на пазарот за квалификации и вештини) е разгледан на 58-та седница на Владата одржана на 26.3.2021г.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2021-2025 година:

1. Обезбедување на неопходните простории, опрема, алатки и материјали на стручните училишта за успешно да се спроведе теоретската и практичната настава
2. Воспоставување СОО центри на извонредност

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 2:**

Во текот на месец април спроведена е набавка на опрема за средните стручни училишта од сектор шумарство (набавка на машини за обработка на дрво)

Во месец февруари 2021, објавен е првиот Повик наменет за средните стручни училишта и компаниите во рамки на „Регионалниот фонд за предизвици” за земјите од Западен Балкан. Средставата од фондот ќе можат да се употребат за реализација на проекти поврзани со

набавка на опрема, обуки на ментори и се друго што е потребно за квалитетно реализирање на образовни програми во стручните училишта. Финансиската поддршка ќе овозможи повеќе компании да се вклучат во практичната обука и дуалното образование.

Од 1.1.2021 г. општинските училишта „Ванчо Питошески" Охрид, „Моша Пијаде" Тетово и „Киро Бурназ" Куманово отпочна со работа како Регионални центри за стручно образование и обука (СОО центри за извонредност).

Завршена е постапката за избор на фирми за реконструкција и надзор за државно училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески", Охрид и фирма за надзор за „Киро Бурназ", Куманово додека постапката за реконструкција на „Киро Бурназ", Куманово е поништена и повторно реобјавена на 24.9.2021г. Во четвртиот квартал започна реконструкција на Регионалниот центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески", Охрид.

ЦСОО со вклучување на работодавачи и наставници, изготви Стандарди за опрема и простор за осум квалификации од РЦСОО врз основа на кои се изготви детална спецификација за опрема и простор за РЦСОО.

Продолжија активностите за анализа на потребите за обука на наставниот и стручниот кадар во регионалните центри, во рамки на проектот „Образование за вработување".

На 28.9.2021 официјално започна имплементацијата на новиот проект финансиран со ИПА средства (договор во вредност од 2.3 милиони евра), за поддршка на реформите во средното стручно образование, во која се вклучени и нови регионални центри во останатите плански региони.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Подобрување на системот за запишување во средно стручно образование
2. Редефинирање на матурските испити во средното стручно образование
3. Воспоставување одржлив модел за обезбедување СОО за ученици од воспитно-поправните домови

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 3:**

Конкурсот за упис на ученици за учебната 2021/2022 година (целосно усогласен согласно потребите на пазарот на трудот) е разгледан на 58-та седница на Владата одржана на 26.3.2021г. Министерството за образование и наука спроведе анализа во која учествуваа 450 компании од цела држава, од кои дури 85% искажаа подготвеност да соработуваат со средните стручни училишта и да примаат ученици на практична настава.

Во учебната 2021-2022 година, по големиот број на активности спроведени во насока на унапредување на средното стручно образование и поврзување на бизнис секторот со

средните стручни училишта,  во дуалното образование се запишани 1384 ученици во 44 училишта во соработка со 220 компании. Оваа учебна година бројот на дуални паралелки во државата од 11 е зголемен на 97 (86 паралелки се резултат на нови соработки помеѓу училишта и компании воспоставени во 2021 година) Учениците кои се запишаа во дуалното образование реализираат наставни планови и програми со зголемен број на часови поминати во компанија.

По однос на бројот на запишани ученици во средните училишта во споредба со учебната 2020/2021 година може да се утврди дека има намалување на запишани ученици во гимназиско образование и зголемување на бројот на запишани ученици во стручно образование (зголемување за 6% споредено со минатата учебна година). Најголем број од запишаните ученици односно 64% се запишани во стручно образование, 32 % во гимназиско образование и 3% во останатите видови на образование.

Министерството за образование и наука врз основа на донесена одлука од 58-та седница на Владата одржана на 26.3.2021., ги зголеми стипендиите за учениците од средните стручни училишта, од учебната 2021/2022 година, со што дополнително се стимулираа учениците своето образование да го продолжат во едно од стручните средни училишта во земјава. МОН обезбеди фонд за 2.200 стипендии за ученици од прва година, во вкупна вредност од околу 60 милиони денари, што е 10 кратно зголемен буџет во однос на минатата учебна година (висината на месечната стипендија е зголемена и изнесува 3500 мкд)

Во учебната 2021/2022 година доделени се  911 стипендија за ученици кои се запишаа во паралелки во стручно образование во кои се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование, 427 стипендии за ученици кои реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење и 553 стипендии за ученици кои реализираат наставни планови и програми од: електротехничка струка, градежно-геодетска струка, угостителско-туристичка струка, земјоделско-ветеринарна струка, машинска струка или текстилно-кожарска струка.

Изработен е нов модел на испитна програма за задолжителните модули од стручното образование. Моделот е пилотиран во рамките на трите пилот реформирани квалификации.

Изработена е предлог Концепција за стручна матура, која ќе биде инкорпорана во новиот Закон за средно образование кој треба да се донесе во 2022 година.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Воведување и операционализирање на систем за професионален развој и напредување во кариерата за наставниците
2. Подобрување на системот за лиценцирање на директорите на училиштата за СОО

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 4:**

Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2021 година е донесена и објавена во Службен весник бр.63 од 19.3.2021 г. Со програмата се пропишани подрачјата, пот-подрачјата и темите за обуките.
Во месец мај БРО спроведе постапка за акредитација на програма за обука и понудувачи на професионално усовршување на наставници во средните училишта на тема „Современи концепти на средното образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење". Со обуките беа опфатени околу 7000 наставници од средните училишта.

Системот на професионален развој на наставниците отпочна со операционализација на трите регионални центри за стручно образование. Наставниците изготвија личен план за професионален развој, а училиштата врз основа на личните планови изготвија Програма за професионален развој на наставниците. Базирајќи се на училишните програми за професионален развој, ЦСОО изготви Програма за стручно усовршување на наставниците по стручните предмети. Врз основа на програмата која произлезе од потребите на наставниците, се направи динамика на имплементација на обуки за наставниците. Имлементацијата на обуките започна во декември 2021 година и моментално е во тек. Реализатори се експерти од областа, компании, институти и слично, а финансиски обуките се поддржани од Проектот Е4Е.

Од страна на ДИЦ се работи на измени и дополнувања на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење. Во процедура на донесување е Програмата за напредни обуки на директор и измени и дополнувања на Програмата за основни обуки и испит на директори (внесен е модул за инклузивно образование) изготвени од страна на ДИЦ.

## 5.ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ, ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНОВАЦИИ

Како главни приоритети се утврдени:

1. Обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики
2. Унапредување на содржината во високото образование
3. Подобрување на достапноста и системот за запишување во високото образование
4. Подобрување на раководењето и финансирањето на високото образование
5. Поддржување на истражувањата и иновациите

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1**, предвидени се 4 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година, но истите се реализираа или продолжија да се реализираат и во 2021 година:

1. Реформирање на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование

2. Подобрување на системите за интерна контрола на квалитетот во високото образование
3. Воспоставување интерна и екстерна евалуација на работата на органот/те за акредитација и евалуација
4. Намалување на соодносот студент/наставник

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 1:**

Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 април 2021 година, донесе Одлука за избор на членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност. Конститутивната седница на Националниот совет се одржа на 10.6.2021 г.

Владата на 45-та седница одржана на 16.2.2021 на предлог на МОН ја донесе Одлуката за видот и висината на надоместоците на членовите на Одборот за акредитација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа (Службен весник бр.43/2021 од 22.2.2021 г.) и на 53-та седница одржана на 12.3.2021 донесе Одлука за изменување на Одлуката за видот и висината на надоместоците на членовите на Одборот за акредитација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа (Службен весник бр.61/2021 од 17.3.2021 г.).

Владата на 65-та седница одржана на 13.4.2021 на предлог на МОН донесе Одлука за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на акредитација врз основа на реално направени трошоци (Службен весник бр.84/21 од 16.4.2021 г.)

Владата на 66-та седница одржана на 20.4.2021 на предлог на МОН донесе Одлука за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на Одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа (Службен весник бр.92/21 од 26.4.2021 г.)

Од страна на Одборот за евалуација доставен е шестемесечен извештај за своето работење.

Од страна на Националниот совет донесен е Правилник за содржината и формата на извештајот за работа на ректорот.
Во текот на 2021 г. обезбедни се согласности за обезбедување на наставно-научен кадар на високообразовните установи.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2**, предвидени се 4 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година но истите продолжија да се реализираат и во 2021 година:

1. Воведување систем на Стандарди за квалификации заснован на резултати од учење и развивање Стандарди за најприоритетните квалификации
2. Воспоставување систем на континуирана Трејсер студија на дипломираните
3. Зајакнување на вмрежувањето со странски универзитети

4. Воспоставување Опсерваторија на вештини

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 2:**

Концептот за воведување систем на Стандарди за квалификации заснован на резултати од учење и развивање на Регистерот на Националната рамка на квалификации за високообразовни квалификации е во фаза на развој.

Не е воспоставен систем на контринуирана трејсер студија на димпломираните и не е воспоставена опсерваторија на вештини (за што се потребни и измени на Законот за високото образование, за воведување на основ за обработка на податоци потребни за опсерваторијата).

Високообразованите установи во земјата, континуирано и во текот на 2021 г. остваруваа соработки со странски универзитети врз принцип на билатерална соработка и преку програмите за мобилност во рамки на Еразмус.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Приспособување на зградите на универзитетите (факултетите) за инклузивно образование
2. Подобрување на условите во студентските домови

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 3:**

Во рамки на програмата, финансирана со ИПА фондови за реконструкција на четири високо-образовни објекти (УКИМ:Факултет за архитектура и Градежен факултет, Правен факултет, Економски факултет и Филозофски и Филолошки факултет) за да се обезбеди пристап и функционалност за лицата со посебни потреби, заврши постапката согласно објавениот меѓународен тендер за изведба на градежни работи, и склучени се договори со фирмите за изведба и надзор. Активностите за реконструкција на терен ќе започнат на почетокот на 2022г.

Во завршна фаза е изградбата на студентски дом во комплексот на Универзитет Тетово во Тетово. На 22.12.2021 на системот на БЈН објавен е тендер за Изработка на Урбанистички проект за инфраструктурен приклучок (водовод и канализација) за потребите на домот.

Во рамки на Проектот за реновирање на студентските домови (енергетски ефикасни) кој се финансира со заем од KfW банката, изготвен е Воведен извештај од страна на консултантската компанија за имплементација и спроведена е постапка за избор на компанија за ревизија на проектите за реконструкција на домовите

Во месец декември завршена е повторената постапка за набавка на опрема за кујни за студентските домови и истата е доставена до сите домови.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4**, предвидена е 1 мерка која треба да се реализира во 2020 година но истата продолжи да се реализира и во 2021 година:

1. Воведување нов систем за финансирање на високото образование заснован на индикатори за завршена работа

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 4:**

Во тек е изработка на Уредбата за новиот модел за финансирање на високо-образовните установи, од страна на Национaлиот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност, врз основа на анализите и предлог моделот изработени во рамки на СКИЛС проектот финансиран со заем од Светска банка.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 5**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Формирање институционален механизам за трипартитна соработка помеѓу државата – академијата – бизнис заедницата
2. Подобрување на механизмот за утврдување на приоритетни тематски области за истражување и иновации
3. Засилување на истражувачката инфраструктура (центри на извонредност, забрзувачи, центри за трансфер на технологии) во одбрани универзитети

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 5:**

Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 април 2021 година, донесе Одлука за избор на членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност. Конститутивната седница на Националниот совет се одржа на 10.6.2021 г.

Спроведен е Конкурс за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на јавните научни установи за 2021 година, со јасно дефинирани критериуми. Одобрени се вкупно 7 апликации (на 7 јавни научни установи) во вкупен износ од 19 милиони денари.

Спроведен е Конкурс за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен и јавен интерес за 2021 година (поддршка за развој на лабораториски ресурси) со што ќе се унапредат постоечките научно – истражувачки капацитети преку модернизација на условите во лабораториите, но и ќе се набават нови лаборатории и истражувачка опрема(пр. акредирација на лаборатории и/или методи, воведување на нови аналитички методи во рамки на лабораториите, набавка на опрема, што подразбира модернизација на лабораториската инфраструктура и друго). Одобрени за финансирање се вкупно 44 проекти во времетраење од 3 години во износ од 224 милиони денари.

Спроведен е Конкурс за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд во меѓународно научно списание со фактор на влијание (импакт фактор) за 2020 година. Прифатени за финансирање се вкупно 334 научно-истражувачки трудови кои ги исполнуваат условите согласно конкурсот (од вкупно пријавени 375). Според научни подрачја се финансираат научно-истражувачки трудови од: „Природно- математички науки“-79, „Техничко-технолошко науки“-82, научно подрачје на „Медицинските науки и здравје“-53 „Биотехнички науки“-68, научно подрачје на „Општествените науки“-50 и научно подрачје на „Хуманистичките науки“-2.

Спроведен е Конкурс за надомест на средства за објавени научни трудови во меѓународно научно списание со фактор на влијание (импакт фактор) за оние истражувачи кои платиле средства за објавување на трудот. Во врска со Конкурсот одобрени се 21 барања за финансирање кои ги исполнуваат условите наведени во Конкурсот.

Распишан е Конкурс за доделување на Наградата „Гоце Делчев“ во 2022 година. Со наградата „Гоце Делчев“ се оддава општествено признание за особено значајни остварувања од интерес за Република Северна Македонија во областа на науката. Наградата во 2022 година се доделува за научна книга или дело објавено во 2021 година.

Спроведени се: Конкурс за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2021 година (одобрени за финансирање се 14 пријави); Конкурс за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2021 година (одобрени за финансирање се 12 пријави, а одбиени се 8 пријави) и Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2021 година (одобрени за финансирање се 3 пријави).

Регионалниот совет за соработка – RCC одобри „Техничка помош за креирање патокази на истражувачки инфраструктури на Западен Балкан“ како дел од напорите на RCC да ја поддржи мобилноста на истражувачите и да ја зајакне соработката со истражувањето преку помагање во регионално мапирање на истражувачки инфраструктури. Техничката помош се однесува на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Република Северна Македонија кои изразија интерес за ваков вид поддршка, што исто така е едно од барањата на регионот од ЕК. Националниот патоказ за истражувачка инфраструктура е завршен и е изготвен на англиски јазик и преведен на македонски јазик.

Владата на 92-та седница на Владата одржана на 27.7.2021 г. го утврди текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за иновациска дејност, кој е во собраниска процедура на донесување. Со Законот се изменуваат и додаваат нови одредба со кои се прошируваат областите и обемот на работење на Фондот за иновации и технолошки развој, се предвидуваат нови начини на финансирање на активностите на Фондот и се доуредуваат инструментите и другите мерки преку кои Фондот ги спроведува планираните активности. Со предвидените измени се очекува Фондот да обезбеди повеќе финансиски средства со кои преку утврдените мерки и инструменти ќе изврши влијание врз иновациите и технолошкиот развој во земјата.

## 6.УЧЕЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

Како главни приоритети се утврдени:

1. Зголемување на квалификациите на возрасните (знаења, вештини и компетенции)
2. Подобрување на содржината и квалитетот на учењето и образованието на возрасни
3. Подобрување на законодавството, организацијата и управувањето со учењето и образованието на возрасни

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020-2025 година:

1. Воспоставување на системот за ВНИУ
2. Зголемување на свеста за значењето и можностите на УОВ на сите нивоа во општеството

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 1:**

Изготвен е нов Закон за образование на возрасни, со кој се уредува за прв пат постапката за валидација на неформално и информално учење, и истиот е доставен во собраниска процедура на усвојување. По донесување на Законот од страна на Собранието ќе бидат донесени и сите подзаконски акти со кои подетално ќе се уреди системот на валидација на неформалното и информалното учење.

Во 2021 година, верификувани се 88 посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на квалификација или дел од квалификација.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2**, предвидена е 1 мерка која треба да се реализира во 2020 година но истата продолжи да се реализира и во 2021 година:

1. Ревидирање и поедноставување на процедурите за верификација на програмите за неформално образование на возрасни и за верификација на давателите на услуги

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 2:**

Со предложените измени во новиот закон се унапредува процесот на верификација на посебните програми за образование на возрасните.

Во 2021 година, верификувани се 10 нови посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на знаења, вештини и компетенции

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат до 2025 година:

1. Подобрување на плановите за финансирање на образованието на возрасни лица
2. Подготвување основа за воведување на механизми за да се поттикнат работодавачите да инвестираат во образование и обука на возрасни лица

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 3:**

Со предложените измени во новиот закон се унапредува улогата, целите и задачите на Центарот за образование на возрасните, како и финансирањето на образованието на возрасни лица.

## 7. ОПШТИ/ЗАЕДНИЧКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Како главни приоритети се утврдени:

1. Подобрување и усогласување на законската основа во образованието
2. Подобрување на системот за прибирање статистички податоци и ЕМИС
3. Обезбедување широка употреба на ИКТ во образованието и обуката и дигитална писменост
4. Зајакнување на социјалното партнерство и подобрување на дијалогот за образовните политики
5. Операционализација на МРК
6. Подобрување на капацитетите на националните институции и обезбедување мониторинг и евалуација на Стратегијата

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 1**, предвидена е 1 мерка која треба да се реализира во 2020 година но истата продолжи да се реализира и во 2021 година:

1. Ревизија, подобрување и усогласување на постојното законодавство во областа на образованието

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 1:**

Во текот на 2021 година изготвени и утврдени се од страна на Владата следните закони, во насока на ревизија, подобрување и усогласување на законодавството:

- Предлог на закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование
- Закон за образование на возрасни
- Закон за изменување и дополнување на законот за наставниците и стручните соработниците во основните и средните училишта
- Закон за изменување и дополнување на законот за Бирото за развој на образованието
- Закон за изменување и дополнување на Законот за просветна инспекција и

- Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование.

Изработен е и нов текст на Законот за стручно образование и обука за кој во тек е јавна расправа и усогласување со сите релевантни чинители, а започната е подготовка и на нов Закон за средно образование и нов Закон за научно-истражувачката дејност.

Во 2021 г. на предлог на група пратеници од страна на Собранието утврдени се и

- Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование и
- Закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 2**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во 2020 година но истите продолжи да се реализираат и во 2021 година:

1. Ревидирање на структурата, содржината и механизмите за пристап до ЕМИС
2. Подобрување на официјалниот систем за прибирање статистички податоци
3. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси за управување, анализа и користење статистички податоци за целите на управувањето и владеењето

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 2:**

Во текот на 2021 година со поддршка од ИПА фондови започна да развива нов интегриран информациски систем за собирање и обработка на податоците вклучени во образовниот процес.

Системот треба да го автоматизира работните процеси во Министерството за образование и наука (МОН) и во другите институции што се поврзани со управување на образованието во основните и средни училишта и универзитетите. Системот треба да обезбеди функционалности за внес, промена, валидација, процесирање, дистрибуција и анализа на податоци од дадените процеси. Да го автоматизира распоредувањето на наставниот кадар, управување со перформансите на учениците, проценка и ефикасност на образовните процеси, како и распоредување и дистрибуција на потребните ресурси до образовните институции. Исто така, системот треба да ја подобри комуникацијата помеѓу институциите корисници на системот, училиштата, универзитетите, наставниците и родителите и да обезбеди централизирани и брзи статистички анализи и извештаи. На овој начин системот ќе овозможи МОН на оптимален и автоматизиран начин да го планира, спроведува, следи и оценува образовниот систем. Предложениот систем треба да претставува комплетно ново решение што ќе ја забрза дигиталната трансформација на инволвираните институции и ќе ја зголеми нивната ефикасност и ефективност.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 3**, предвидени се 3 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020 - 2025 година:

1. Употреба на ИКТ во процесот на учење
2. Воспоставување унифицирана електронска платформа за предавање, учење и методолошки ресурси

3. Основање Матемаитчко-информатичка гимназија (средно училиште) и/или ИКТ паралелки во неколку средни училишта специјализирана/и за компјутерски науки и математика

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 3:**

Заедно со Микрософт и Факултетот за информатички технологии и компјутерско инженерство при УКИМ, изработен е национален систем за спроведување на учење од далечина. За имплементација на системот е прилагодена и надоградена верзија на алатката Teams во која покрај платформата Moodle се интегрирани и други алатки со кои на наставниците и учениците им се овозможуваат сите потребни услови за спроведување на online-настава. Во системот се креирани над 250,000 тимови во кои учествуваат околу 27,000 корисници од наставен кадар и 265,000 ученици од основно и средно образование. За сите корисници на платформата се обезбедени Microsoft лиценци, со кои покрај пристап до Teams платформата се добиваат и лиценци за користење на Office пакет како и одреден податочен cloud простор за секој корисник. Секој од наставниците покрај евиденција на предметите каде предаваат можат да поставуваат електронските верзии на учебниците и дополнителен образовен материјал, да организира тестови и проверка на знаењето на учениците, како и да го следи индивидуалниот напредок во совладување на наставниот материјал за секој ученик посебно.Во системот на лесен начин може да се креираат и така наречени хибридни тимови/паралелки, во кои како предавачи или слушатели можат да бидат вклучени и професори и студенти од државните универзитети или лица од други институции.

Министерството за образование и наука во 2021 година започна со изработка на дигитални наставни материјали и дигитални интерактивни содржини. Дигиталните наставни материјали во овој момент се изработени за 4то одделение, но постепено ќе се изработуваат и за останатите одделенија. За нивната изработка се применуваат сосема нови концепти и технологии со кои на ученикот му се обезбедува полесно совладување на материјалот, додека на наставникот му се овозможува нов приод со кој интерактивно ја спроведува наставата.

Дигиталните наставни материјали се изработени на начин со кој се овозможува нивно лесно и континуирано збогатување со интерактивни содржини (квизови, игри) галерии, видео клипови, панорамски видеа како и линкови кон други едукативни содржини. Користењето на дополнителни уреди во наставата, како што се интерактивните табли и таблетите, овозможува овој процес да биде уште толку интуитивен и полесен за презентација и совладување на материјалот.

Платформата за следење на дигиталните наставни материјали и интерактивни содржини е поставена на https://e-biblioteka.gov.mk/. Овозможено е материјалите да бидат симнати на уред кој поддржува андроид и/или windows апликација. Со цел спроведување на наставата од далечина како и употребата на дигиталните наставни содржини, Министерството за образование и наука набави 10,000 таблет компјутери кои се распределени на ученици од социјално ранливи групи. На таблетите се инсталирани апликации и алатки кои на учениците им се потребни за следење на online - наставата како и користењето на дигиталните наставни и интерактивни содржини.

На 30.3.2021 објавен е Конкурсот за упис на ученици во средните училишта во учебната 2021/2022 година. Во Математичко-информатичката гимназија отворен е конкурс за прва година за упис на 68 ученици во 2 паралелки (34 ученици во 1 паралелка со настава на македонски јазик и 34 ученици во 1 паралелка со настава на албански јазик)

На 3.8.2021 објавен е Конкурсот за доделување на стипендии за ученици запишани во Математичко-информатичката гимназија за учебната 2021/2022 година. Доделени се вкупно 29 стипендии.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 4**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020 - 2025 година:

1. Воспоставување структура за социјално партнерство за образовниот сектор
2. Развој на капацитетите на социјалните партнери за дијалог за образовните политики

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 4:**

Во 2021 г. за првпат е потпишан Колективен договор со кој се зголемуваат платите и се унапредуваат правата на вработените во високо образование.

Колективниот договор ги нормира и унапредува правата на работен однос во секторот високо образование и наука: вработување, унапредување, право на годишен одмор, право на платено и неплатено отсуство, право на отпремнина, заштита од отказ, услови за парична помош, синдикална организација итн.

Во договорот се дефинира начин за пресметување на платата, кој се темели на степенот на сложеност и одговорност на работното место, изразен како коефициент во однос на просечната државна плата. Со овој начин на пресметка се обезбедува систем на валоризација, но и континуиран раст на платата, која ќе расте заедно со просечната плата, со што се оневозможува стагнирање на платите како во изминатиот период.

Дополнително, во основната компонента на платата, ќе се исплаќа и минат стаж. Колективниот договор го утврдува и горниот праг на оптовареност на наставниот кадар со задолжителна настава и прекувремен број на часови. како и исплаќање на преекувремената работа.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 5**, предвидени се 4 мерки кои се реализирани во 2020 година:

1. Подобрување на Концептуалната рамка за МРК
2. Воспостаување на структури за МРК
3. Вклучување на квалификациите во МРК
4. Воспоставување систем за потврда на квалитет за МРК

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 5:**

Во 2021 година Одборот за НРК донесе 17 стандарди на квалификации засновани на резултати од учење, кои ги исполнуваат потребите на пазарот на трудот.

Во Акцискиот план за спроведување на **Приоритет 6**, предвидени се 2 мерки кои треба да се реализираат во периодот 2020 - 2025 година:

1. Подобрување на капацитетите за владеење и управување на јавните институции
2. Мониторинг на процесот на спроведување на Стратегијата

**Реализирани активности во 2021 година за остварување на Приоритет 6:**

Во 2021 година, врз основа на спроведена јавна набавка, избрана е компанија за јакнење на капацитети на Министерството за образование и наука преку спроведување на серија на обуки: Менаџмент на конфликти, Развој на комуникациски вештини и организација на начин на комуникација, Ориентираност кон клиенти, Управување со ризик, Решавање проблеми, Справување со КОВИД-19 вирусот, Основно ниво на Excel и Напредно ниво на Excel.

Во месец мај објавен е Извештајот за спроведување на Стратегијата за периодот 2019-2020